Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1883/6
08-07-2019 год.
Скопје

Врз основа на Правилникот за реализација на меѓународните проекти на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.164/2010), Упатстството за поддршка на проекти финансирани од средствата на Европската Комисија бр. 02-1465/10 од 27.06.2014 година и член 120 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје на својата XXXII редовна седница одржана на ден 8.VII 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на**
**Упатството за начинот на водење и сметководствена контрола на меѓународни проекти арх. бр.02-1241/12 од 27.6.2017 година**

**Член 1**

Во точката 5 од Упатството за начинот на водење и сметководствена контрола на меѓународни проекти арх. бр.02-1241/12 од 27.6.2017 година (во натамошен текст: Упатството) се врши измена на начин што зборовите "продеканот за финансии" се менуваат со зборовите "продекан за меѓународна соработка.

Изменетата точка 5 гласи:

**„Раководителот на проектот доставува поединечни барања за секоја набака преку архивата на факултетот во кое ги специфицира потребните стоки, услуги и работи, како и износот на средства согласно склучениот договор. Набавката ќе се изврши само доколку доставеното барање е исконтролирано од страна на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и одобрено од страна на продеканот за меѓународна соработка и деканот на факултетот."**

**Член 2**

По точката 17 од Упатството се додава нова точка 18 која гласи:

**„18. Дел од средствата за индиректни трошоци (overhead или режиски трошоци, проектен менаџмент и сл.) ќе бидат користени за потребите на подобрување на наставно-научната инфраструктура на Филозофскиот факултет. Износот на средствата кој ќе се користи за потребите на Факултетот ќе се утврди во зависност од големината и условите на проектниот договор, од страна на Деканот, во координација со Раководителот на проектот."**

**Член 3**

Во останатиот дел Упатството останува непроменето.

Врз основа на оваа одлука ќе се подготви пречистен текст на Упатството.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Деканатската управа по утврдување на потребата од измена и дополна на Упатството за начинот на водење и сметководствена контрола на меѓународни проекти арх. бр.02-1241/12 од 27.6.2017 година, на својата XXXII редовна седница одржана на ден 8.VII 2019 година донесе одлука како во диспозитивот.

По еден примерок од ова Упатство да се достави на: Раководителите и Координаторите на Институтите, деканот, продеканите, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, одделението за општи и правни работи и архивата.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Изработил: Ана Ј. Иванова